ТИРЗ

Бр./Nr. 01-158/2
17.01.2024

REPUBLIKA E MAQEDONISË
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Целта на овој документ е да се определат обврските и должностите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со цел спречување на корупција.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони превзема обврска за спроведување на политика на нула-толеранција за мито и корупција, се обврзува да дејствува професионално, фер и со интегритет во сите свои активности и деловни односи и е посветена кон спроведување на ефективни системи за спречување на корупција.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги почитува сите релевантни закони поврзани со спречување на корупција и мито, како и сите релевантни закони за финансиско работење, внатрешна ревизија, заштита на дојавувачи и општите закони за вработени во јавниот сектор и административни службеници.

Дирекцијата поттикнува анонимно пријавување на случаи на корупција.

Дирекцијата е насочена кон заштита на оние кои ќе пријават сомнеж за корупција или поради одбивање на мито со добра намера. Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач, освен кога тоа се бара со судска одлука.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е посветена кон примена на највисоки стандарди на отвореност, интегритет и одговорност.

Вработените од Дирекцијата може да примаат и даваат подароци и гостопримство од трети страни кои се во линија на одредбите од Прирачникот за вработени и поврзаните процедури од системот за управување во Дирекцијата.

Подароци кои се условени со противвредност и/или противуслуга кон трети лица, односно привлекуваат обврска на вработен во Дирекцијата да вети нешто во корист на трета страна или да направи нешто во корист на трета страна, шпо инаку не би смеел да го даде, вети или направи се недозволени.

Дирекцијата организира тренинзи за своите вработени со цел обука и запознавање на вработените со механизмите за спречување на корупција опишани во оваа Политика и во Прирачникот за вработени.

Оваа Политика и поврзаниот Прирачник за вработени за спречување на корупција се однесуваат на сите вработени и ангажирани лица на сите нивоа во Дирекцијата, како и на сите поврзани лица.

Определбата на Дирекцијата за нула толеранција за мито и корупција е споделена со сите вработени, ангажирани лица и поврзани лица, добавувачи и клиенти од самиот

почеток на соработката со нив и со нив се споделуваат сите промени во Политиките направени потоа.

Одговорност е на сите индивидуи да ја прочитаат и разберат Политиката и Прирачникот за вработени, кој содржи подетални барања и обврски, и до истите да се придржуваат.

За остварување на целите на оваа Политика, Дирекцијата ќе ја следни нејзината примена и истата ќе ја ревидира на редовни интервали, правејќи промени каде потребно со цел подобрување на системот за спречување на корупција и усогласување со релевантните локални закони како и одговарајќи на ризиците од корупција на кои е изложена Дирекцијата.

**ДИРЕКТОР**

Јован Деспотовски

**Скопје, ________________**